

# Реакција на изјавата на Зоран Заев

Денес е најцрниот ден од коронакризата, а Заев шпекулира датуми, додека Филипче крахира.
Македонија веќе две недели живее продолжен пик. Секој ден од први јуни до денес броиме над 100 заболени и неколку мртви.
Несериозно е Заев што лицитира датуми како на пазар за вака сериозни прашања. Државата е во криза. СДСМ не знае да се справи.
Економијата ја фрлија во амбис, а државна помош нема за никој освен за фирмите на нивните семејства и блиските до нив.
И единствено на што размислува СДСМ додека народот пати се избори и како да си ја задржат фотелјата.
Македонија е балканскиот Вухан, на врвот по највеќе заразени и починати од корона вирусот, на народот му е дегутантно да се збори за хировите на Заев, и за фактот што окрај здравствена, и економска криза, тој ја втурнува државата и во нова политичка криза.
ВМРО-ДПМНЕ инсистира најпрвин на заштита на здравјето на граѓаните.
Во однос на изборниот процес инсистираме за целосно почитување на Уставот и законите и меѓународните стандарди.
Заев сака избори без набљудувачка мисија на ОБСЕ и да немаме прочистен избирачки список. Она што Заев го сака е избори каде ние ќе броиме корона жртви, каде ќе немаме прочистен избирачки список, и без квалитетен меѓународен мониторинг. Тоа би значило изборна кражба и изборна кланица, а не потврда на народната волја.
Зоран Заев сака да го погази народот и неговото здравје. Зоран Заев и СДСМ ја туркаат државата кон провалија. Потребна е стратегија за излез. ВМРО-ДПМНЕ има план за обнова.

ВМРО-ДПМНЕ е различно од СДСМ. Со СДСМ добивме само хибридем режим, криминал, корупција и сиромаштија.

ВМРО-ДПМНЕ